ФЗОРСМ
FSSHRMV

**Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**
**Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

**Број:**
27.04.2019 **.2019 година**
**С к о п ј е**

**До:**
**Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**
**Подрачна служба ______________**

**Здравствена установа ____________________**

**Копија до: Министерство за труд и социјална политика**

**Предмет: Известување за**
**ослободување од партиципација**

Почитувани,

Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија во текот на 2016 година со допис ги извести здравствени установи дека согласно новиот Законот за општа управна постапка кој стапи во сила на ден 31.07.2016 година, потврдите за ослободување од партиципација на осигурените лица корисници на постојана парична помош, лица смесени установи за социјална заштита и во друго семејство, деца со посебни потреби, може да ги издава само ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа. Од овие измени произлезе дека Фондот веќе нема правен основ и надлежност да ги издава истите.

Во досегашната пракса по стапување на сила на одредбите од Законот за општа управна постапка, врз основа на издадената потврда од ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа, Подрачната служба на Фондот согласно член 34 од Законот за здравственото осигурување, на лицето од горенаведените категории издаваше известување за видот на здравствените услуги за кои е ослободен од учество со лични средства осигуреникот.

Од причина што во текот на работењето се увиде дека правото на ослободување од партиципација кое го утврдува друг надлежен орган, а не Фондот, може да биде променливо односно едно лице може да биде ослободено од партиципација но по одреден временски период да не ги исполнува повеќе условите за ова право,Фондот повеќе нема да издава известување сметано од 01.05.2019 година

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup

Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

[1] 03-6199/1 [2019]

**Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**
**Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

Со ова известување сакаме да Ве информираме дека, ослободувањето од партиципација во моментот на користење на здравствената услуга за категориите на осигуреници кои се корисници на постојана парична помош, лица сместени во установи за социјална заштита и друго семејство како и децата со посебни потреби ќе се врши врз основа на важечка потврда издадена од надлежниот ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа според која осигуреникот го остварува правото од ослободување од плаќање со лични средства на учеството т.е. партиципацијата.

**Со почит,**

Изработил:
Емилија Божиновска
Контролирал:
м-р Даниела Јовческа Ѓуровска
Согласен:
Јасмина Смилевска

**Директор,**
**Данаил Дончев**

**Директор/Drejtor,**
**Orhan Ramadani**

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup

Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk